Фондација Метаморфозис - Скопје
Foundation Metamorphosis - Skopje
Бр. 01-2712
21.01 2019 год.
СКОПЈЕ

Политика на корекции и појаснувања:

Анекс 1

Документи врз кои се темели Политиката на корекции и појаснувања на Фондација „Метаморфозис“

Устав на Република Македонија, Член 16, став 4

Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање.

Закон за медиуми

Член 17

(1) Секој има право од издавач на медиум, односно од одговорен уредник на издавач на медиум да бара, без надоместок, да објави исправка на објавена информација во која се наведуваат неточните факти објавени во информацијата, а со кои биле повредени неговите права или интереси. Право на исправка имаат и правните лица и други организации и тела, доколку со информацијата биле повредени нивните права или интереси.

(2) Барањето за објавување на исправка се поднесува до одговорниот уредник на издавачот на медиум во писмена форма во рок од 30 дена од денот на објавувањето на информацијата на која се однесува исправката. Барањето мора да биде образложено и потпишано од страна на подносителот на исправката и да ги содржи сите потребни податоци за подносителот на исправката, како и неговата адреса.

(3) Во исправката на објавена информација покрај исправка на погрешните тврдења или неточните наводи во објавената информација, може да се изнесуваат факти и околности со кои подносителот на исправката ги побива или битно ги дополнува наводите во објавената Информација.

(4) Во случај кога се работи за научна или уметничка критика не се дава право на исправка, освен доколку со истата се врши само исправка на неточни факти.

(5) Не може да се бара исправка доколку издавачот на медиум, до денот на поднесувањето на барањето за исправка, веќе претходно сам објавил исправка на истата информација. Ако подносителот на барањето за исправка смета дека издавачот на медиумот не ја објавил исправката на соодветен начин, во тој случај може да бара остварување на своето право во согласност со членот 23 од овој закон.

(6) Доколку лицето за кое се однесува информацијата е починато, право на објавување на исправка имаат неговите деца, посвоени деца, брачните другари, родители, посвоители, браќа и сестри или правни лица, доколку информацијата се однесува на дејноста која ја вршел покојниот во врска со тоа правно лице.

(7) Подносителот на барањето за објавување на исправка мора јасно да ја наведе информацијата, односно податокот од информацијата на кој се однесува барањето за исправка и датумот на нејзината објава.

Објава на исправка

Член 18

(1) Исправката се објавува, без измени и дополнувања, на исто или соодветно место во содржината на медиумот и на ист или соодветен начин на оној на кој била објавена информацијата. Исправката не смее да биде несразмерно подолга од информацијата, односно од делот на информацијата на која се однесува.

Исправката може да се објави во изменета форма само доколку на тоа се согласи подносителот на барањето на исправката. Исправката мора да биде објавена на начин што од самиот наслов може да се види дека се работи за исправка. Исправка без согласност на подносителот на барањето на исправката не смее да се објавува меѓу реакции или писма на читателите, односно гледачите или слушателите.

(2) Во програмите на радио-дифузерите исправката се објавува со читање во истата програма и термин во која е објавена информацијата на која се однесува исправката или во истиот вид на програма со исто ниво на гледаност или слушаност.

Начин и услови за објавувања на исправка

Член 19

(1) Исправката мора да биде објавена во рок од два дена од доставувањето на барањето во првиот наредeн број, ако се работи за периодични изданија или во друг медиум, ако се работи за не периодична публикација. Во време на изборен процес исправката мора да биде објавена во првото следно издание, односно првата следна програма од ист вид веднаш по примањето на исправката.

(2) Во истото издание, односно програма од ист вид, не може заедно со исправката да се објавува и коментар на таа исправка или одговор на исправката. За коментар на исправка или одговор на исправка се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на постапката за остварување на правото на исправка.

(3) Одговорниот уредник е должен да ја објави исправката, освен кога:

- исправката не се однесува на информацијата на која се повикува заинтересираното лице, исправката не содржи податоци во врска со наводите во информацијата,
- исправката е во спротивност на со закон заштитените интереси на трети лица,
- барањето за објава на исправката не е потпишано од подносителот на барањето или од овластеното лице на државно тело или правно лице,
- исправката е несразмерно поголема од информацијата на која таа се однесува, односно на делот од информацијата на која истата се однесува, освен ако исправката се однесува на клевета или на информација со навредлива содржина,
- исправката е напишана на јазик кој не е идентичен на јазикот на којшто е објавена оспорената информација,
- во случај кога се работи за научна или уметничка критика, освен доколку со неа се врши исправка на неточни податоци, навредливи и тенденциозни наводи,
- веќе е побарана исправка на истата содржина на информацијата или доколку тече спор пред надлежниот суд поради не објавување на исправката,
- издавачот на медиум веќе сам објавил исправка на објавената информација,
- барањето е поднесено по истекот на рокот утврден во членот 17 став (2) од овој закон и исправката содржи навреда или клевета.

(4) Одговорниот уредник е должен во случаите од ставот (3) на овој член писмено да го извести барателот на исправката за причината за не објавување на исправката, во рокот кој е пропишан за објавување на исправката согласно со ставот (1) на овој член

Право на тужба

Член 23

(1) Ако одговорниот уредник на издавач на медиум не ја објави исправката на начин и во роковите определени со членот 19 од овој закон, заинтересираното лице има право да покрене тужба против одговорниот уредник пред надлежниот суд во рок од 30 дена од истекот на рокот за објавување на исправката, односно од денот кога исправката не била објавена или била објавена на начин кој не е во согласност со овој закон.

(2) Судските спорови во врска со објавата на исправката се решаваат по итна постапка.

(3) Одговорниот уредник е должен при објавувањето на исправката по завршување на судската постапка да наведе дека објавувањето се извршува врз основа на правосилна судска пресуда и притоа е должен да ја цитира изречената пресуда.

Сменување на одговорен уредник по поднесување на тужба

Член 24

Доколку по поднесувањето на тужбата за објава на исправката се смени одговорниот уредник на издавачот на медиум, тужителот може до крајот на главната расправа да го измени тужбеното барање и наместо претходниот тужен да го тужи новиот одговорен уредник. За таква измена на тужбеното барање не е потребна согласност од првобитниот тужен, ниту од новиот одговорен уредник.

Право на објава на информации поврзани со судски постапки

Член 25

(1) Секое правно или физичко лице споменато во содржина на медиум дека против него е поднесена кривична пријава или дека е покренатa истражна или кривична постапка има право во рок од три месеци од донесувањето на одлуката за отфрлање на кривичната пријава, донесување на правосилно решение со кое е прекината истражната или кривичната постапка или е донесена ослободителна правосилна пресуда, да бара од одговорниот уредник да ја објави информацијата за тоа.

(2) На објавувањето на информациите од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од овој закон кои се однесуваат на постапката за остварување на правото на исправка.

Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета

Право на реагирање, демант, одговор и исправка

Член 14

1 Ако навредата или клеветата е сторена по пат на средство за јавно информирање или компјутерски систем, оштетениот има право да поднесе барање за објавување на одговор, демант или исправка во рок од седум дена од денот кога дознал дека е објавена, но не подоцна од еден месец од нејзиното објавување.

2 Средството за јавно информирање од ставот 1 на овој член го објавува демантот, одговорот или исправката во рок од два дена од доставувањето на барањето, во првиот наредeн број, ако се работи за периодични изданија или во друго средство за јавно информирање, ако се работи за непериодична публикација.

3 Демантот, одговорот или исправката се објавува на истото место или време и во ист обем, како и информацијата на која се реагира (наслов, наднаслов, поднаслов, текст во пишани средства за јавно информирање или интернет страница, најава во информативна програма, прилог).

4 Објавувањето на демантот, одговорот или исправката може да се одбие, ако:

- барањето не е доставено во рокот определен во ставот 1 на овој член;
- одговорот содржи навреда или клевета и
- одговорот е во спротивност на со закон заштитените интереси на трети лица.

Кодекс на новинарите на Македонија

Принципи на однесување: (параграфи 3-5)

Новинарите имаат улога да пренесуваат информации, идеи и мислења и право да коментираат. Почитувајќи ги етичките вредности и професионалните стандарди во пренесувањето на информациите, новинарите ќе бидат чесни, објективни и точни.

Право и должност на новинарите е да настојуваат да ја спречат цензурата и искривувањето на вестите.

Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот.

Член 3

Новинарот ќе настојува да биде обезбедено објавување на исправка, демант и одговор во случај кога ќе биде утврдена неточност на информацијата.